# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 16/2019
## 28.11.2019 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за давање согласност од Советот на општина Неготино за подршка на проект**

Се објавува **Одлука за давање согласност од Советот на општина Неготино за подршка на проект** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27. 11.2019 година.

Бр.09-643/1
28.11.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 27.11.2019 година, ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**за давање согласност од Советот на општина Неготино за поддршка на проект**

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Неготино дава согласност за поддршка на проектот***,,Техничка документација за изградба на секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа во општина Неготино,,*** да биде аплициран преку *,,Фондот за техничка документација*,,во рамките на Проектот *,,Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти,,*финансирани од УНДП и Шведската агенција за меѓународен развој(СИДА.

Член 2

Проектот,,*Техничка документација за изградба на секундарна мрежа за гасификација на општина Него*тино,,опфаќа изработка на Идеен проект ,Проект за гасоводна линиска

инфраструктура,Основен проект со ревизија за изградба на секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа во општина Неготино.

Член 3

Доколку конечниот износ на проектот ги надминува границите Советот на општина Неготино ќе обезбеди кофинансирање од сопствени или други извори на финансирање на општината.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино“.

бр.08-640/3
27.11.2019 година

Советот на Општина Неготино
Претседател
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за давање на согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилник за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино**

Се објавува **Одлука за давање на согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилник за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27. 11.2019 година.

Бр.09-643/2
28.11.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на  член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.11.2019  година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За  давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работни места  на ЈОУДГ „Фемо Кулаков„ Неготино**

Член 1

Се дава согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места  на ЈОУДГ „Фемо Кулаков„ Неготино бр. 0101-364 од 26.11.2019 година.

Член 2

Оваа одлука  влегува во сила со денот на објавувањето  во „ Службен гласник на општина Неготино„.

27.11.2019 година

бр.08-640/4

**Совет на општина Неготино**

**Претседател,**

**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за давање согласност на Правилник за начелата на внатрешна организација на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино**

Се објавува **Одлука за давање согласност на Правилник за начелата на внатрешна организација на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27.11.2019 година.

Бр.09-643/3
28.11.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино,, бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.11.2019 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилник за начела на внатрешна организација на ЈОУДГ „Фемо Кулаков,, Неготино**

Член 1

Се дава согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начела на внатрешна организација на ЈОУДГ „Фемо Кулаков,, Неготино бр. 0101-365 од 26.11.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,, Службен гласник на општина Неготино,,.

бр.08-640/5

27.11.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2019 година**

Се објавува **Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2019 година** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27.11.2019 година.

Бр.09-643/4
28.11.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од законот за Локална самоуправа ( Сл. Весник на РСМ бР.5/2002 ) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( сл.весник на РСМ бр.61/2004, 96/2004,67/2007, 156/2009,47/11,192/15, и 209/2018) Советот на Општина Неготино на вонредна седница бр.5 одржана на датум 27.11.2019 год. донесе

# О Д Л У К А

**За проширување на средствата на Буџетот на Општина ОпШтина Неготино**

**За 2019 година**

**Член 1**

**Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаОпШтина Неготино за 2019 година, на следниот начин :**

| Потпрограма Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | |
| | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 741120 Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 2.448.000 | 0 | 0 |
| | **0** | **2.448.000** | **0** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | |
| **К30 МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 421410 Горива и масла (моторни возила) | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 423410 Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 425920 Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 115.000 | 0 | 0 |
| 426990 Други оперативни расходи | 0 | 26.000 | 0 | 0 |
| 427110 Привремени вработувања | 0 | -146.000 | 0 | 0 |
| **N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | 0 | 120.000 | 0 | 0 |
| 421120 Водовод и канализација | 0 | 160.000 | 0 | 0 |
| 421440 Транспорт на луѓе | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | 400.000 | 0 | 0 |
| 464910 Плаќање по судски решенија | 0 | 900.000 | 0 | 0 |
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 401130 Основни плати - други вработени | 0 | 712.000 | 0 | 0 |
| 401310 Персонален данок на доход од плата | 0 | 81.000 | 0 | 0 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | 0 | 307.000 | 0 | 0 |
| 402210 Основни придонеси за здравство | 0 | 111.000 | 0 | 0 |
| 402220 Основен придонес за професионално заболување | 0 | 7.000 | 0 | 0 |
| 402310 Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 16.000 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 0 | -200.000 | 0 | 0 |
| 425490 Други здравствени услуги | 0 | -14.000 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | -50.000 | 0 | 0 |
| 464910 Плаќање по судски решенија | 0 | -60.000 | 0 | 0 |
| 464940 Трансфери при пензионирање | 0 | -90.000 | 0 | 0 |
| | **0** | **2.448.000** | **0** | **0** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од законот за Локална самоуправа ( Сл. Весник на РСМ бР.5/2002 ) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( сл.весник на РСМ бр.61/2004, 96/2004,67/2007, 156/2009,47/11,192/15, и 209/2018) Советот на Општина Неготино на вонредна седница бр.5 одржана на датум 27.11.2019 год. донесе

**Бр.**

**Претседател на Советот на Општината**
**Диме Витанов**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

Бр. 08-640/6
28.11.2019

Совет на Општина Неготино
Претседател
Диме Витанов с.р.

**СОДРЖИНА**
**Службен гласник бр. 16/2019**

1. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност од Советот на општина Неготино за подршка на проект
Стр.1

2. Одлука за давање согласност од Советот на општина Неготино за подршка на проект
Стр. 2-3

3. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилник за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино Стр. 4

4. Одлука за давање согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилник за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино Стр. 5

5. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Правилник за начелата на внатрешна организација на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино Стр. 6

6. Одлука за давање согласност на Правилник за начелата на внатрешна организација на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино Стр. 7

7. Заклучок за објавување на Одлука за проширување на средствата на Бузетот на општина Неготино за 2019 година Стр. 8

8. Одлука за проширување на средствата на Бузетот на општина Неготино за 2019 година Стр. 9-10